Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-59/4
31.3.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-59/1 од 11.01.2023 година, поднесена од [redacted] од Кочани против ОУ „Крсте Петков Мисирков" - Кочани за сторена дискриминација врз основ на образование и политичко уверување во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 30.03.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето [redacted] од Кочани врз основ на образование и политичко уверување во областа на работа и работни односи од страна на ОУ [redacted] – Кочани, односно директорката [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 11.01.2023 година лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Кочани, поднесе Претставка бр. 08-59/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).
Во претставката подносителката навела дека дискриминацијата од страна на ОУ [redacted] - Кочани е сторена на начин што во постапка за вработување по распишан јавен оглас за прием на наставници на определено време до крајот на учебната година 2022/23, со изборот на други кандидати за работното место на кое конкурирала подносителката, истата била дискриминирана споредбено со избраните кандидати по основ на образование и политичко уверување.
Имено, на позицијата бр. 9 од јавниот оглас, биле предвидени 3 работни места за наставник по одделенска настава. Подносителката во претставката наведува дека таа во однос на две од избраните кандидатки, имала поголем постигнат успех во додипломските студии и повисок степен на образование (VIA), што според неа согласно членот 10 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта имала предност при изборот, односно вработувањето. Таа во однос на таквото тврдење се повикува на правно мислење од Министерството за образование и наука (МОН), според кое одредбата од горенаведениот член од законот се применува само во случај кога кандидатот кумулативни ги исполнува двата услови, односно да има повисок успех во текот на додипломските студии и повисок степен на соодветно високо образование, за да може на кандидатот да му се даде предност во однос на другите кандидати, па во таков случај до директорот се доставува предлог само за тој кандидат во согласност со член 12 став 2 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Дополнително, подносителката во

претставката се повикува и на претходно донесено Мислење на Комисијата бр. 0801-302/8 од 03.08.2021 година, во кое мислење е посочена Пресуда бр. 108/20 од 25.09.2020 година на Основниот суд во Битола, а и двата посочени акти се во врска со толкување и примена на членот 10 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Во претставката подносителката го наведува и Решението на Уставниот суд У бр. 20/2020 објавено во „Службен весник на РСМ" бр. 265 од 06.11.2020 година, притоа цитирјаќи извадок од истото кој се однесува на толкување на членот 10 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Следствено, според наведеното таа тврди дека била ставена во подредена положба, односно дека била различно третирана во однос на избраните кандидатки кои имале и помал степен на образование и помал постигнат успех во текот на додипломските студии.

Понатаму, подносителката во претставката наведува и причини поради кои смета дека е дискриминирана врз основа на политичко уверување. Имено, според неа доколку се разгледа профилот на директорката на предметното основно училиште, на социјалната мрежа „FACEBOOK", ќе се забележело од јавно споделените слики дека истата била активен член на политичката партија [redacted] членувајќи во Форумот на жени на [redacted] на локално ниво. Таа наведува и дека освен директорката, дополнително на фан страната на Форумот на жени на [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK", се забележувало присутност на политички средби и настани и на две од избраните кандидатки на горенаведениот јавен оглас, со што според неа јасно се докажувал нивниот политички активизам и членство во посочената политичка партија. Оттука, таа наведува дека спрема неа е извршена дискриминација врз основа на политичко уверување со тоа што не била избрана на наведениот јавен оглас, бидејќи таа не е член на горенаведената политичка партија, односно дека не членувала во ниту една политичка партија.

Кон претставката приложени во копии се: Уверение за положени испити од прв циклус [redacted] од 28.10.2013 година на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за образовни науки; Уверение за положени испити од втор циклус [redacted] од 16.12.2019 година на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за образовни науки; Барање за пристап до информации од јавен карактер до [redacted]- Кочани; Одговор по барање од [redacted]- Кочани; Јавен оглас за прием на наставници на определено време до крајот на учебната 2022/2023 (од 1 септември 2022 год. До 31.08.2023 год.); Молба за пријава на оглас од [redacted] две Поштенски повратници; Известување од [redacted]– Кочани бр. 02-323/2 од 31.08.2022 година; Доставување на одговор бр. 18-14238/2 од 13.12.2019 година на Министерство за образование и наука; Мислење бр. 0801-302/8 од 03.08.2021 година на Комисијата; Пресуда РО-180/20 од 25.09.2020 година на Основен суд Битола и Решение на Уставниот суд У бр. 20/2020.

Комисијата на 13.01.2023 година во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Барање бр. 08-59/2 ја достави претставката на изјаснување до ОУ „Крсте Петков Мисирков" - Кочани.

ОУ „Крсте Петков Мисирков" – Кочани, односно [redacted] со допис - Одговор заведен под бр. 08-08-59/3 на 01.02.2023 година се изјасни по наводите во претставката. Имено, во одговорот се истакнува дека на 25.08.2022 година ОУ „Крсте Петков Мисирков" – Кочани распишало јавен оглас за вработување на наставници на определено време, односно до крајот на учебната година 2022/23, во дневните весници [redacted] како и на страната на Агенцијата за вработување на Северна Македонија, а во кој оглас, меѓу другото, се барале 3 (три) извршители за работните места Одделенски наставници со полно работно време за до крајот на учебната година која завршува на 31.08.2023 година. На објавениот јавен оглас за одделенски наставник имало вкупно 9 пријавени кандидати. Училишниот одбор заседавал на 30.08.2022 година, по што подготвил Записник бр. 02-310 и доставил предлог бр. 02-310/1 до директорот на наведеното училиште, во кој предлог имало позитивно мислење за сите 9 пријавени кандидати, односно дека сите од пријавените ги исполнувале бараните услови согласно јавниот оглас. Понатаму, во одговорот се наведува дека директорката на училиштето, по добиениот предлог/мислење од Училишниот одбор, организирала и спровела тестирање по македонски јазик и интервју, а кое интервју согласно Законот за работните односи се врши помеѓу раководителот на институцијата и кандидатите, по кое раководителот одлучува со кој од пријавените кандидати ќе се склучи договор за вработување. Во рамки на спроведеното интервју, во одговорот се наведува дека се ставило акцент и на работното искуство на кандидатите, притоа земајќи ги во предвид и сите други околности, по што позитивно мислење директорката дала за кандидатките [redacted] кои имале склучени договори за вработување со училиштето и за минатата година како одделенски наставнички во прво одделение со покажани одлични резултати, спроведувајќи нова концепција во образованието и одлична соработка со учениците и родителите. Во одговорот по однос на наводот за дискриминација по основ на политичко уверување, се истакнува дека директорката не била запознаена со политичкото уверување на подносителката или нејзино партиско членување, како и дека истата била вработена во претходната учебна година во училиштето како образовен асистент, по што се наведува дека не постои било каков сомнеж за дискриминација по основ на политичко уверување од страна на директорката. Следствено на тоа, се наведува дека подносителката како вработена уживала еднаков третман како и останатите вработени во училиштето. Во однос на наводот за дискриминација по основ на образование, каде што е наведено дека подносителката имала повисок степен на образование и повисок постигнат успех во текот на додипломските студии, во одговорот се наведува дека во предвид треба да се земе кумулативното исполнување на двата наведени услови, со тоа што повисокиот степен на образование или магистратурата треба да е соодветна со областа за која кандидатот конкурира. Магистратурата на подносителката била од областа на Социјална педагогија, која област не била соодветна за да се третира како повисок степен на образование и со тоа да биде исполнет условот од членот 10 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, па оттука подносителката како кандидатка не ги исполнувала кумулативно двата услова

наведени во предметниот член од законот. Во одговорот се истакнува дека за наведеното имаат добиено записник од извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспектор, како и мислење од страна на Биро за развој на образование, добиено преку поднесено барање од Државен просветен инспектор г-[redacted]

Кон одговорот во копии приложени се: Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип 1 бр. 09-137 од 14.10.2022 година и Мислење бр. 08-1528/2 од 16.11.2021 година на Бирото за развој на образованието.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.
Во однос на тоа, согласно член 6 од истиот Закон, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.
Комплементарно на тоа, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Комисијата ценејќи ги изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на ОУ „Крсте Петков Мисирков" – Кочани, заедно со прилозите кон истите, ја утврди следната фактичка состојба:

На 25.08.2022 година ОУ „Крсте Петков Мисирков" – Кочани распишало јавен оглас за вработување на наставници на определено време, односно до крајот на учебната година 2022/23.
За работното место Одделенски наставник со полно работно време за до крајот на учебната година која завршува на 31.08.2023 година, се барале 3 (три) извршители, а за кое работно место се пријавиле вкупно 9 кандидати.
Во спроведената постапка за вработување по распишаниот јавен оглас, Училишниот одбор, врз основа на доставените пријави, дал предлог бр. [redacted] ОУ „Крсте Петков Мисирков" – Кочани со позитивно мислење за сите 9 пријавени кандидати.
Директорката на ОУ „Крсте Петков Мисирков" – Кочани, спровела тестирање и интервју со 6 од 9 пријавени кандидати.

По спроведените дејствија во рамки на постапката за вработување, се избрале кандидатките [redacted] за засновање на работен однос и склучување на договор за вработување на определено време, а останатите кандидати биле известени за направениот избор.

Подносителката на претставката, за направениот избор е известена со Известување бр. [redacted] година на ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Кочани.

Незадоволна од направениот избор, подносителката на претставката, преку [redacted], поднела барање за пристап до информации од јавен карактер до ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Кочани на 26.10.2022 година.

Од страна на ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Кочани, по однос на барањето за пристап до информации од јавен карактер, доставен е одговор за степенот на образование и постигнат успех во додипломски студии за трите избрани кандидатки од јавниот оглас.

Согласно Уверение за положени испити од втор циклус [redacted] година на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, подносителката [redacted] се има стекнато со академски/стручен назив магистер по образование, област социјална педагогија, додека согласно Уверение за положени испити од прв циклус [redacted] од 28.10.2013 година на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, во додипломските студии се стекнала со стручен назив дипломиран професор по одделенска настава со просечна оценка од 8,256.

Двете кандидатки со кои подносителката се споредува и го спори нивниот избор, се со стекнат степен на образование VII/1 и просечни оценки 7,71 и 7,13.

Согласно член 10 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2019), „кога на јавниот оглас од ставот (1) на овој член, ќе се јават повеќе кандидати, предност имаат наставниците, кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии.“.

Според Одговор [redacted] година на Министерство за образование и наука, во врска со примената на членот 10 став 3 од горенаведениот Закон, доставен до ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ – Берово, одредбата од ставот 3 се применува само во случај на кумулативно исполнување на двата наведени услови.

Согласно Мислење [redacted] година на Бирото за развој на образованието изготвена на барање и доставено до Државен просветен инспектор г-ѓа [redacted], во врска со примена на истиот член 10 став 3 од горенаведениот Закон, а во однос на ист степен на повисоко образование како и на подносителката, магистер по образовни науки, област социјална педагогија и во врска со слична ситуација како и настанот опишан и наведен во претставката на подносителката, Бирото посочува дека двата услова од предметниот став се исполнуваат само кумулативно, како и во предвид се зема соодветноста на повисокиот степен на образование, каде во случајот со наведениот академски/стручен назив – социјалната педагогија не е соодветна магистратура за да се третира како повисок степен на образование во смисла на предметниот став, а во согласност со Нормативот за наставен кадар во Наставните програми за одделенска настава.

На 14.10.2022 година, согласно Записник ИП 1 бр. 09-137, врз основа на анонимна претставка е извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат, преку [redacted] - Советник Државен просветен инспектор, во врска со постапка за вработување на наставници по одделенска настава на јавен оглас во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Кочани. Согласно содржината на наведениот записник од извршениот вонреден инспекциски надзор, утврдена е фактичка состојба како погоренаведеното, односно утврдено е дека на јавниот оглас за работното место од точка 9, наставник по одделенска настава, се пријавиле 9 кандидати кои согласно мислењето на Училишниот одбор ги исполнувале бараните услови, а од кои 9 кандидати само две кандидатки имале повисок степен на високо образование, од кои една не се јавила на интервјуто спроведено од директорката на училиштето, дека во постапката за вработување и при изборот на наставници по одделенска настава, Училишниот одбор и директорката постапиле во согласност со Законот за основно образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Мислење [redacted] година на Министерството за образование и наука и Мислење [redacted] година на Бирото за развој на образованието, по што не се утврдени повреди, односно неправилности и постапката на надзор се запира.

Имајќи ја во предвид ваквата фактичка состојба, Комисијата утврди дека не е сторена директна дискриминација врз подносителката на претставката по основ на образование и политичко уверување од страна на ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Кочани, односно директорката [redacted], во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во носењето на мислењето, Комисијата при утврдување на постоење на дискриминација посебно се осврна на два елементи. Прво, Комисијата утврдуваше постоење на определени дејствија, во смисла на сторување или несторување, со кои подносителката била ставен во понеповолна положба во однос на останати вработени во споредлива ситуација. Второ, се осврна на тоа доколку постојат такви дејствија, дали нееднаквиот третман е причински поврзан со образованието на подносителката, односно е поврзано со одредено политичко уверување. Односно дали нееднакво се постапувало со подносителката заради нејзиниот степен на образование.
Имено, видно од Мислењето бр. [redacted] година на Бирото за развој на образованието е утврдено дека повисокиот степен на образование како тој на подносителката, не претставува соодветен повисок степен на образование согласно Нормативот за наставен кадар во Наставните програми за одделенска настава, туку дека соодветен е само степенот на образование со стекнати 240 ЕКТС, како и видно од содржината на Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор Ип 1 бр. 09-137 од 14.10.2022 година од страна на Државен просветен инспектор не е утврдена повреда, односно неправилности во постапката по горенаведениот јавен оглас. Оттука не се исполнувале кумулативно условите за повисок постигнат успех во текот на додипломските студии и повисок соодветен степен на образование, притоа истите не


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

можеле да се ценат како критериум за рангирање на кандидатите и давање на предност на подносителката во однос на останатите пријавени кандидати на јавниот оглас, па следствено на тоа не може образованието како заштитна карактеристика да претставува дискриминаторска основа причинско-последично поврзана со спроведениот избор.

Дополнително, во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, за да се смета за нееднаков третман така направениот избор, посоодветна споредба би било во други спроведени постапки по јавни огласи за вработување на наставници по одделенска настава во училиштето, при иста таква фактичка ситуација, да бил прифатен таквиот повисок степен на образование за друго лице и истото врз основа на кумулативното исполнување на условите, со предност да било вработено на тоа работно место.

Понатаму, Комисијата ценеше и дека нема доволно индиции дека определенето политичко уверување на подносителката, во смисла на нејзина политичка припадност или неприпадност и било обзнането или и бил познат факт на директорката на училиштето, за да се смета за веројатен основ врз кој се темелел изборот на горенаведените кандидатки.

Комплементарно на наведеното, не може да се смета дека е направена дискриминација во смисла на членот 6, односно директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, Комисијата согласно наведеното, првенствено не утврди конкретни дејствија на работодавачот што би довеле до нееднаков третман спрема кандидатката [redacted] во смисла дека е сторена директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ,со тоа што со неа се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група на лица во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз основ на образование и политичко уверување.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
30.03.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. ОУ „Крсте Петков Мисирков" – Кочани,
   ул. Маршал Тито бр. 20, Оризари, Кочани
3. Архива на Комисијата